Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
Бр. 03-509/1
24.02. 2025 год.
ОБЛЕШЕВО

Друштво за трговија и услуги
ЕНЕРЏИ ДЕЛИВЕРИ СОЛУШНС АД
Бр. 03-234/2-25
24.02 2025 год.
СКОПЈЕ

Д О Г О В О Р
ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Склучен во Облешево на 24.02.2025 година, помеѓу:

1. **Општина Чешиново-Облешево**, со седиште на ул.„Маршал Тито“ бр.17 Облешево, застапувана од Градоначалникот на Општина Чешиново-Облешево, Далибор Ангелов, во својство на одговорно лице на Договорниот орган од една страна како **Потрошувач на електрична енергија** и

2. **Друштво за трговија и услуги ЕНЕРЏИ ДЕЛИВЕРИ СОЛУШНС АД ,** со седиште на ул. „Столтенбергова“ бр.4 згр.1/Б51 1-кат СУ бр.4 Скопје, застапувано од управителот Алесандар Сарџовски од друга страна како **Снабдувач со електрична енергија.**

ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ
Член 1

Предмет на договорот за јавна набавка е:-Набавка на електрична енергија за потребите на ОПШТИНА Чешиново-Облешево за период од 12 (дванаесет) месеци.

Со овој Договор се уредуваат условите и начинот на снабдување со електрична енергија, како и меѓусебните права, обврски и одговорности на Снабдувачот и Потрошувачот.
Предметот на набавка од ст.1 на овој член е детално опишан во техничката спецификација, составен дел на тендерската документација бр.05-170/1 изработена од Потрошувачот, а по Одлука за јавна набавка бр.09-169/1 од 20.01.2025 год., за спроведување на Поедноставена отворена постапка, со користење на електронски средства преку Електронскиот систем за јавни набавки со е-Аукција, како последна фаза за доделување на договорот за конкретната јавна набавка.
Договорот за јавна набавка се склучува врз основа на понуда поднесена од Снабдувачот во електронска форма преку ЕСЈН, по Огласот за доделување на договор за јавна набавка бр. 00469/2025 објавен на ЕСЈН на ден 20.01.2025 год., и во „Службен весник на РМ“ бр.13/2025 , а врз основа на Одлуката за избор на единствена прифатлива понуда број 09-377/1 од 10.02.2025 година, донесена од одговорното лице на Потрошувачот.

ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ
Член 2

Вкупната вредност на договорот ќе се утврди врз основа на реално испорачаните количини на електрична енергија, но не повеќе од **4.000.000,00 денари без ДДВ или 4.720.000,00 денари со вкалкулиран ДДВ од 18%,** која вредност е утврдена во Одлуката за спроведување на постапката за јавна набавка врз основа на извршена пресметка на потрошувачка на електрична енергија од претходната година.

Договорниот орган го задржува правото да не ги реализира сите предвидени средства за времетраење на договорот.
Цената на електричната енергија ќе биде променлива за времетраење на договороти и ќе биде содржана од две ставки:
-цената на референтната берза HUPX (променлива)
-понудениот коефициент – трговската цена (фиксна)
На денот на фактурирањето потрошените месечни киловати да се помножат со просечната цена од постигнатите цени на референтната берза HUPX.
Постигнатата вредност на коефициентот изразен во проценти ќе се пресметува во фактурата во зависност од потрошените месечни KW на електрична енергија.
Фактурирањето ќе биде месечно со приложување на детален приказ за деновите на движење на цените на референтната берза HUPX.

Цената на електричната енергија ќе биде променлива во зависност од референтната берза HUPX.

Вредноста на маржата за 1 MW час ќе биде фиксна за времетраење на договорот и изнесува **19,50 проценти**, добиен со единствена прифатлива понуда бр.05-351/1 од 04.02.2025 година.

Цената ќе се корегира така што цената на HUPX берзата за последниот месец, ќе биде корегирана (профилирана) за понудениот коефициент изразен во проценти, согласно понудата на најповолниот понудувач.

Понудената цена на 1 MWh треба да ги вклучува сите трошоци и попусти на економскиот оператор, вклучувајќи и трошоци за балансирање, да биде искажана без ДДВ кој се искажува посебно, во денари.
Цената ги вклучува сите трошоци за испорака на електричната енергија до местото на испорака: трошок за електрична енергија, трошок за планирање и номинирање на потрошувачката, трошок за балансирање на

потрошувачката и увозни царински давачки и истите се фиксни и непроменливи за целото времетраење на договорот.

Средствата за реализација на договорот за јавната набавка ќе се обезбедат во Буџетот на Општина Чешиново-Облешево за 2025 година.

Член 3

Договорните страни се согласни дека останатите трошоци поврзани со потрошената електрична енергија од страна на потрошувачот, и тоа: надоместокот за електрична енергија од повластени производители и надоместокот за користење на пазарот за електрична енергија, кои се законски регулирани, ќе бидат дел од документот за плаќање (фактурата) издадена од добавувачот. За истите е дозволена корекција на цена во зависност од процентуално учество и просечните цени за снабдувачот објавени од страна на надлежно тело, согласно позитивна законска регулатива.

ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 4

Договорот се склучува на определено време, за период од 12 (дванаесет) месеци почнувајќи од склучување на договорот до целосно исполнување на обврските од двете договорни страни.

НАЧИН, РОК И МЕСТО НА ИСПОРАКА

Член 5

Снабдувачот со електрична енергија е должен да го снабдува договорниот орган-Потрошувач на електрична енергија со електричната енергија, согласно неговите потреби, редовно и непрекинато, 24 часа во денот за целото времетраење на договорот, до сите мерни места регистрирани на договорниот орган, Општина Чешиново-Облешево.

Снабдувачот со електрична енергија е должен да ја преземе на себе балансната одговорност и да го вметне договорниот орган во својата балансна одговорна група.

Снабдувачот со електрична енергија е должен непречено да дозволи отварање на нови приклучни мерни места или укинување на постоечки, за што ќе биде навремено известен.

Договорниот орган-Потрошувач на електрична енергија го задржува правото да врши зголемување или намалување на бројот на мерни места, според потребите.

Снабдувачот со електрична енергија прифаќа отстапување од претпоставените количини на електрична енергија на месечно и годишно ниво, во зависност од временските услови и потрошувачката на електрична енергија.

Мерењето на испорачаната електрична енергија го врши Операторот на дистрибутивниот систем.

Член 6

Носителот на набавката е должен да го снабдува договорниот орган со електрична енергија во период од 12 (дванаесет) месеци, започнувајќи **од 01.03.2025 година до 28.02.2026** година преку соодветниот електроенергетски систем до сите мерни места на Општина Чешиново-Облешево, при тоа почитувајќи ги одредбите од Законот за енергетика, Правила на пазар на електрична енергија,Правила за снабдување со електрична енергија, Мрежни правила за пренос на електрична енергија и Мрежни правила за дистрибуција на електрична енергија.

Договорниот орган - Потрошувачот се обврзува да го известува Носителот на набавката – Снабдувачот, пред спроведување на сите планирани ремонти и другите планирани активности врз својата опрема, со прецизирани периоди на спроведување на ремонтот и тоа во најјус можен рок, но не подоцна од 14 дена пред отпочнување на планираните ремонти и/или други планирани активности кои дополнително ќе влијаат на потрошувачката на електрична енергија.

Размената на информации ќе се води исклучиво помеѓу овластени лица и на овластени контакт информации.

НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

Член 7

Фактурирањето и плаќањето на фактурите ќе се врши врз основа на реално испорачаните количини во договорниот период на месечна основа, а според порамнувањето согласно Правилата за пазар со електрична енергија во местата на испорака и под услови предвидени во Договорот што ќе се склучи со најповолниот понудувач.

Носителот на набавката - Снабдувачот се обврзува да издаде месечна фактура во печатена форма за потрошената електрична енергија и ја достави во архивата на Договорниот орган – Потрошувачот, во оригинал.

Месечната фактура ќе биде издадена и доставена на Договорниот орган најдоцна до 15-ти во тековниот месец, а ќе гласи за претходниот месец.

Договорниот орган - Потрошувачот е должен да му ги плаќа на Носителот на набавката - Снабдувачот месечните фактури во рок од 30 (триесет) дена од последниот ден на испорака во тековниот месец.

Плаќањата по доставените фактури ќе се врши преку банкарска трансакција, на жиро сметка на Носителот на набавката – Снабдувачот, наведена во фактурата.
Плаќање ќе се врши исклучиво за стоки кои се набавени.
Задолжително во прилог на фактурата се доставува детален преглед на потрошувачка по мерни места за месецот за кој се однесува фактурата и детален приказ за деновите на движење на цената на референтната берза HUPX.

ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ, НЕИСПОЛНУВАЊЕ ИЛИ НЕУРЕДНО ИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 8

Во случај на ограничување или прекин на испораката на електричната енергија, квалитетот на испорачаната електрична енергија, услугите за снабдувањето, како и висината на обештетувањето на набавувачот во случај на прекин на испораката на електрична енергија во целост ќе се применуваат Правилата за снабдување со електрична енергија.

Во случај на доцнење со достава на предметната набавка од страна на Носителот, Набавувачот има право на надомест на штета и договорна казна-пенали во висина од 0,1% дневно, од вредноста на Договорот.

Во случај на примена на ставот 1 од членот 8, Носителот на набавката е должен да му ја надомести штетата на набавувачот.

Набавувачот не може да бара договорна казна поради задоцнување, ако го примил исполнувањето на обврската, а не му соопштил на Носителот на набавката дека го задржува своето право на договорна казна.

Доколку Носителот на набавката доцни со исполнување на обврската, покрај правото на надомест на штета и договорна казна-пенали, Набавувачот има право едностранo да го раскине Договорот и да склучи Договор со следниот рангиран понудувач (доколку понудата е прифатлива).

Носителот на набавката му достави на Нарачувачот банкарска гаранција , издадена од Комерцијална Банка АД Скопје, бр. 291697.8 од 17.02.2025 год., во еден оригинален примерок . Гаранцијата е во висина од 10 % (проценти) од вкупната вредност од чл.2 на овој Договор со пресметан ДДВ , односно истата е во износ од ден. =**472.000,00 ден.**, со која се обврзува дека навремено, квалитетно и според условите од договорот ќе ги испорача стоките кои се предмет на овој договор.
Гаранцијата се наплаќа во следните случаи:

- Доколку Носителот на набавката не го почитува договорениот рок за испорачување на стоките и не ги изврши услугите во предвидениот рок, а при тоа нема прифатливо оправдување ;
- Во случај на несовпаѓање на техничките и квалитативните карактеристики на испорачаните стоки , верификувано од независна институција за контрола на квалитетот ;
- Во случај на раскинување на Договорот по вина на Носителот на набавката ;

Нарачувачот ќе ја врати банкарската гаранција од став 1 на овој член на Изведувачот, во рок од 14 /четиринаесет / дена, по истекувањето на важноста на договорот , односно по негова реализација.

ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Член 9

Снабдувачот со електрична енергија мора да обезбеди заштита на податоците, во согласност со прописите за заштита на личните податоци.

ВИША СИЛА

Член 10

Снабдувачот со електрична енергија и Договорниот орган-Потрошувач на електричната енергија се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон друга за губиток, повреда или неизвршување на одредбите од овој договор, кои се предизвикани од виша сила.

Под виша сила се подразбира она што е регулирано со Законот за облигационите односи. Договорните страни се обврзуваат писмено да ја известат другата договорна страна, во случај на стапување на виша сила во дејство и ќе договорат нови услови за исполнување или за раскинување на Договорот.

ИЗМЕНИ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА ВО ТЕКОТ НА НЕГОВАТА ВАЖНОСТ

Член 11

Во текот на реализацијата на договорот може да дојде до негово менување согласно со член 119 од Законот за јавните набавки.

РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 12

Кога една од договорните страна нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнувањето на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Член 13

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање, со отказен период од 60 дена.

КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

Член 14

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 15

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Доколку тоа не даде резултат во рок од 10 дена, спорот ќе го решава надлежниот суд во Кочани.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 16

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено, согласно одредбите од Законот за јавните набавки.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Анекс кон овој договор.

Анексите кон овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

Член 17

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

Член 18

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој договор ќе се применуваат позитивните законски прописи.

Член 21

Овој договор е составен во четири (4) примероци, од кои 2 (два) примерока за договорниот орган и 2 (два) примерока за носителот на набавката.

Потрошувач:	Снабдувач :
Општина Чешиново-Облешево	Енерџи Деливери Солушн АД Скопје
Градоначалник,	Управител,
Далибор Ангелов	Александар Сарџовски

Прилог на Договорот: Понуда бр.05-351/1 од 04.02.2025 година, Банкарска гаранција бр.291697.8

Изработил: Љијанка Андонова

EDS
ENERGY DELIVERY SOLUTIONS

ЕНЕРЏИ ДЕЛИВЕРИ СОЛУШНС АД Скопје
Ул. Столтенбергова Бр. 4 згр. 1/Б51 1 -кат СУ бр. 4 Скопје | 1000 Скопје | Република Северна Македонија
ЕМБС: 6822380 | ЕДБ: 4080012531832
Tel: + 389 2 55 14 100 | E-mail: info@eds.mk

Општина Чешиново-Облешево
Примено 04.02.2025
Организациона единица 05 Број 3511 Прилог

Прилог 1 - Образец на понуда

Врз основа на огласот број **00469/2025** објавен од страна на Општина Чешиново-Облешево за доделување на договор за јавна набавка за - *Набавка на електрична енергија, сукцесивно за период од една година*, со спроведување на Поедноставена отворена постапка, со електронска аукција преку Електронскиот систем за јавни набавки (https://www.e-nabavki.gov.mk) и на тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

ПОНУДА

Дел I – Информации за понудувачот

I.1. Име на понудувачот: **Енерџи Деливери Солушнс АД Скопје**
I.2. Контакт информации
- Адреса: **Ул. Столтенбергова Бр. 4 згр. 1/Б51 1 -кат СУ бр. 4 Скопје**
- Телефон
- Фак
- Е-пошта: **info@eds.mk**
- Лице за контакт: **Горан Георгиевски**

I.3. Одговорно лице: **Александар Сарџовски**
I.4. Даночен број:
I.5. Матичен бро,
I.6. Жиро Сметка

Дел II – Техничка понуда

II.1.Согласни сме да ги набавиме следниве стоки *:* - *Набавка на електрична енергија, сукцесивно за период од една година* ,

II.1.Согласни сме да ги понудиме следниве стоки со следните цени:

Реден број	Опис	Износ на процентот
1.	Коефициент изразен во проценти	*19,50%*

II.2. Ги прифаќаме начинот и рокот на изведување утврдени во тендерската документација.

Дел III – Финансиска понуда

III.1. Нашата понуда за набавка на стоки *:* *Набавка на електрична енергија, сукцесивно за период од една година,* вклучувајќи ги сите трошоци , попусти и трошоци за балансирање, без пресметан ДДВ, изнесува **19,50% [со бројки] , (деветнаесет проценти и педесетти дел од процентот) [со букви] проценти.**

Вкупниот износ на ДДВ изнесува 18%.

III.4. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.
III. 5. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

Место и датум

Одговорно лице
(потпис и печат) *

Zlatko Cherepnalkoski
Digitally signed by Zlatko Cherepnalkoski
Date: 2025.01.31 16:10:40 +01'00'

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*
Доколку понудата ја потпишува овластено лице од понудувачот, задолжително приложува и Овластување за потпишување.

ПРЕДВИДЕНА ПОТРОШУВАЧКА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ВО KWh ВРЗ ОСНОВА НА ПОТРОШУВАЧКА ВО 2024ГОДИНА
0,4 KV прв тарифен степен ..... (LV1.1) Улично осветлување
0,4 KV втор тарифен степен ..... (LV 2) Објекти останата потрошувачка
0,4 KV втор тарифен степен ..... (LV 1.2) Објекти останата потрошувачка

РБ	Бројило	Број на корисник	Место на потрошувачка-локација	АВТ	АНТ	АВТ	АНТ	АВТ	АНТ	АВТ	АНТ	АВТ	АНТ	АВТ	АНТ	АВТ	АНТ	АВТ	АНТ	АВТ	АНТ	АВТ	АНТ	АВТ	АНТ	АВТ	АНТ	АВТ	АНТ	вкупно
				јан.24		фев.24		мар.24		апр.24		мај.24		јун.24		јул.24		авг.24		Септември 2024		окт.24		ное.24		дек.23		годишно		
			ПОТРОШУВАЧКА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ВО KWh ВРЗ ОСНОВА НА ПОТРОШУВАЧКА ВО 2024ГОДИНА (LV1.1) LV ,ПРВ ТАРИФЕН СТЕПЕН ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ																							
1	84420197	007424213	0000000150812-с.Чешиново-кај домот	48,3	88,3	34,3	75	31,9	79,1	20,5	68,5	19,8	72	15,1	66,4	16,4	69,7	39,3	94,8	25,7	80,7	34,5	86	45,8	85,5	45,6	90,8	377,2	956,8	1.334,0
2	63493632	007424213	3009040010009-с.Облешево	747,5	1013,2	626	972,7	707,7	854,9	357,3	982,8	677,6	547,2	270	810,7	253,3	973,4	305,6	936,5	542	987,5	661,2	1186,7	671,7	829,3	776,2	1040,2	6.596,1	11.135,1	17.731,2
3	63493633	007424213	3009040020005-с. Облешево	301,8	437,7	249,9	404,8	285,4	359,7	140,3	409,3	122,9	417,9	86,9	387,8	98,5	405	131,5	425	165,9	427,5	230,1	436,7	305	407,2	311,2	443,1	2.429,4	4.961,7	7.391,1
4	77056781	007424213	3009040030006-с. Бање	318,8	432,8	251,6	401,5	238,5	409,6	156,1	404,4	144,2	402,3	109,4	386	118	390,1	314,7	104,3	175,7	597,6	257,4	551	282,6	343,5	307,2	414,4	2.674,2	4.837,5	7.511,7
5	71112003	007424213	3009040050003-с.Кучичино	355,9	488,8	307,7	492,5	356,6	475,6	188,2	567,6	155,1	530,5	119,5	538,9	134,9	566,9	170,4	569,7	200,3	517,5	274,1	524,3	336,7	442,1	345,5	497,1	2.944,9	6.211,5	9.156,4
6	35223514	007421213	3009040060005-с. Уларци	131,7	227,30	0	0,00	223,7	445,70	75,6	228,20	60,1	193,6	39,9	173,9	48	187,3	64,4	213,2	84,3	222,8	105,2	236,1	112,8	186,6	137,3	232,6	1.083,0	2.547,3	3.630,3
7	84420145	007421213	3009040070004-с. Чифлик	319,7	465,7	269,8	442,7	251,2	453,6	160,6	264,2	140,4	473	102,1	441,4	113	452,5	144	470	178,1	449,3	238	459,4	288,2	386,9	326,3	465,6	2.531,4	5.224,3	7.755,7
8	63324398	007421213	3009040090007-с.Спанчево-кула	485,9	772,5	399,1	708,4	372,1	711,6	228,1	665	214,5	648,4	165,2	635,2	190,3	665,3	248,3	806,2	337	954	475,9	1000,4	552,9	869,9	500,9	781,1	4.170,2	9.218,0	13.388,2
9	35111135	007421213	3009040100005-с. Уларци	167,6	251,3	111,9	189,6	107	199,6	162,1	205,9	71,2	228,1	62,1	243,3	67,1	233	89,2	245,3	106,9	209	126,8	219,5	158,7	222,1	171,6	260,2	1.402,2	2.706,9	4.109,1
10	63513391	007421213	3009040110006-с.Спанчево	215,3	292,6	172,9	272	161,3	275,9	104,5	278,8	88,9	269,8	69,7	249,5	140,2	291,6	125,4	319,8	127,9	322,6	189,7	355,8	210	268,3	218,5	299,3	1.824,3	3.496,0	5.320,3
11	81382775	007421213	3009040120005-с. Буриличево	216,3	291,9	145	240,8	182,2	241	107,6	277,6	92,3	259,5	62,6	226,3	72,2	232,1	89,6	267,6	105,9	249	140,6	253,7	179,1	233,3	188,6	262,5	1.582,0	3.035,3	4.617,3
12	71112024	007421213	3009040150004-с.Теранци	608,3	801,3	499,4	703,4	525,3	696,4	370,4	764,9	376,4	759,4	295,1	721	343,5	736,7	421,5	855,8	528,3	839,1	597,2	841,6	506	691,6	616,2	898,2	5.687,6	9.309,4	14.997,0
13	35165249	007424228	3009050020006-с. Чешиново	310,1	455,6	274,2	469,8	254,1	474,7	165,6	497,7	150,6	496,6	98,5	473,4	121,2	497,7	146,4	484,3	202,1	527,7	267,7	537,7	269,8	356,3	297,2	423,5	2.557,5	5.695,0	8.252,5
14	82374639	007424228	3009050050004-с. Соколарци	251,1	370	202,8	343,6	218,5	452,7	123,1	371	97,70	342,80	71,7	329	95,6	432,4	222,8	819,1	264,8	775,6	414,4	955,5	257,3	371,2	262,6	393,8	2.482,4	5.956,7	8.439,1
15	84420237	007424228	3009050070004-с.Чешиново-блинд	131	182	106,5	170,3	98	170,1	62	172,6	52,9	168,6	39,7	162	45,1	168,8	49,4	160	67,8	163,3	99	180,7	97,7	127,9	135	187,9	984,1	2.014,2	2.998,3
16	69535304	007424228	3009050090015-с.Врбица	22	45,9	16,9	37,8	14	33,6	7,70	28	6,6	27,7	5,7	30,1	6,2	30,3	7	28,8	15,07	50,3	24,4	62,5	38,6	72,6	32	65,4	196,2	513,0	709,2
17	77056782	007424228	3009050100005-с. Соколарци	279,1	376,8	220,8	340,2	207,1	345,1	179,7	438	340,1	740,4	169,9	561,5	186	642,4	235,1	738,6	259,3	736	331,9	696,3	269	340,1	303,2	413,9	2.981,2	6.369,3	9.350,5
18	82374801	007424228	3009050110005-с.Новоселани	32,2	51,5	30,1	45,2	27,4	44,6	17,6	46,1	15	45,9	11,2	44,1	13,7	41,8	14,6	43,5	19,2	44,6	26,9	44,8	38,3	46,3	40,3	52,6	284,5	551,0	835,5
19	62945443	007424228	3009050120003-с.Жиганци	304,4	491	343,9	516,1	227,5	471,1	122,7	389,7	100,7	380,9	74,7	361	84,4	379,7	109	395,6	140,8	392,1	192	412,9	258,1	347	366	568,1	2.324,2	5.105,2	7.429,4
20	84420255	007424228	3009050130005-с. Чешиново	694	875	569,1	865	541,4	870,7	342	823,3	309,6	816,4	252,5	830,2	275,5	847,7	296,2	861,6	352,7	823,5	478,5	822,1	701	852,6	722,9	926,6	5.535,4	10.214,7	15.750,1
21	82374816	007424228	3009050140002-с. Лепепелци	19,3	38,2	15,7	34,5	14,4	33,7	10,9	38,2	9,6	38,7	7,2	35,8	4,3	19	9,1	36,5	12	39,2	17	42,4	18,8	34,4	19,9	39,5	158,2	430,1	588,3
			ВКУПНО	5960,3	8449,4	4847,6	7725,9	5045,3	8099	3102,6	7921,8	3246,2	7889,7	2128,7	7707,5	2423,4	8263,4	3233,5	8876,2	3911,8	9408,9	5182,5	9906,1	5598,1	7514,7	6124,2	8756,4	**50.806,2**	**100.489,0**	**151.295,2**
			ПОТРОШУВАЧКА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ВО KWh ВРЗ ОСНОВА НА ПОТРОШУВАЧКА ВО 2024ГОДИНА ПО КАТЕГОРИЈА НА ПОТРОШУВАЧКА (LV1.2) LV ,ВТОР ТАРИФЕН СТЕПЕН ОСТАНАТА ПОТРОШУВАЧКА 0,4 II																											
1	69535908	007424815	0000000024872-Облешево спортска сала	96,2	63,4	164,1	14	155,9	22,5	58,6	8,6	19,7	10,4	14,7	7,4							26,3	17,1	42,2	7,3	154,6	11,1	163,43	9,9	895,7	171,7	1.067,4
2	72261947	100343261	000000039912- АСНОМ Водо	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0			0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0,0	0,0	0,0
3	77050633	100411823	000000058094- Облешево повеќенаменско	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0			0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0,0	0,0	0,0
4	69511019	007420761	0000000000000-Чешиново ч.в. К.БРОД													0,5	1,1	0,5	1,2	371,1	319,4	244,4	253,4			1	1,9	617,5	577,0	1.194,5
5	71831951	007420761	3005510010002- Кучичино - ЈЧСТ			16,6	2	31,5	33,8	26,9	22,7	19,8	19,6	0,1	2,2	8,3	2,5	10,1	1,6	4	5,4	5,73	3,1					123,0	92,9	215,9
6	74555571	007420761	3005510010003- Чешиново дел. простории	1,1	12,9	1	12	1,1	12,8	1	12,3	1,1	12,7	1	12,3	1,1	12,7	1,2	14,3	1	12,5	1,1	13	1	12,6	1,1	13	12,8	153,1	165,9
7	82292448	007420761	3005510030019- Чешиново дел. простории	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0,0	0,0	0,0
8	62942039	007420761	3010993033571- Теранци	31,6	35,9	29,6	33,6	31,6	36	30,6	34,8	31,6	36	30,6	34,8	31,6	35,9	33,7	38,2	30,7	34,9	31,8	36,1	30,5	34,6	31,5	35,8	375,4	426,6	802,0
9	77056940	007420795	3005540010013- Чифлик															21,7	2,8									21,7	2,8	24,5
10	4216204	7424815	3009650010007- Облешево канцеларии	2524,9	1498,3	1710,2	921,2	1271,7	624,9	411,6	266,7	177,4	153,3	87,4	92,9					109,5	108,4	404,8	164,3			2235,6	1212,6	8.933,1	5.042,6	13.975,7
11	69535904	007424815	3009650020005- Бање канцеларии	0,7	5,7	0,1	0,5	0,2	0	0	0	0,1	0,2	0	0			0	0	0	0	0	0			0,2	2,19	1,3	8,6	9,9
12	69894198	007420761	3005595040013- Спанчево ДГ																											
			ВКУПНО	2654,5	1616,2	1921,6	983,3	1492	730	528,7	345,1	249,7	232,2	133,8	149,6	41,5	52,2	67,2	58,1	542,6	497,7	730,03	477,2	186,1	58,3	2432,83	1275,39	**10.980,6**	**6.475,3**	**17.455,9**
			ПОТРОШУВАЧКА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ВО KWh ВРЗ ОСНОВА НА ПОТРОШУВАЧКА ВО 2024ГОДИНА ПО КАТЕГОРИЈА НА ПОТРОШУВАЧКА (LV1.2) LV ,ВТОР ТАРИФЕН СТЕПЕН ОСТАНАТА ПОТРОШУВАЧКА 0,4 I																											
1	55441134	007420761	000000002227 Чешиново-Облешево АСНОМ	5,4	6,6	1,2	4,2	0,6	3	204,6	207,6	181,8	86,4	380,4	472,8	873	796,8	399	288	64,8	101,4	27,6	3	0	0	75,7	45,6	2.214,1	2.015,4	4.229,5
2	4216125	100411823	000000048033 Чешиново повеќенаменско	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0,0	0,0	0,0
			ВКУПНО	5,4	6,6	1,2	4,2	0,6	3	204,6	207,6	181,8	86,4	380,4	472,8	873	796,8	399	288	64,8	101,4	27,6	3	0	0	75,7	45,6	**2.214,1**	**2.015,4**	**4.229,5**

Анализа на вкупно годишна потрошувачка по категории на потрошувачи			
	АВТ(kwh)	АНТ(kwh)	Вкупно(kwh)
0,4 KV прв тарифен степен .....(LV1.1) Улично осветлување	50.806,2	100.489,0	151.295,2
0,4 KV втор тарифен степен ....(LV 2) Објекти останата потрошувачка 0,4 II	10.980,6	6.475,3	17.455,9
0,4 KV втор тарифен степен ...(LV 1.2) Објекти останата потрошувачка 0,4 I	2.214,1	2.015,4	4229,5
СЕ ВКУПНО	64.000,8	108.979,7	172.980,5

Очекувана потрошувачка на ел. енергија за тендерираниот период од една година (за 2025)			
	АВТ(kwh)	АНТ(kwh)	Вкупно(kwh)
0,4 KV прв тарифен степен .....(LV1.1) Улично осветлување	53.346,5	105.513,5	158.859,9
0,4 KV втор тарифен степен ....(LV 2) Објекти останата потрошувачка 0,4 II	12.078,6	7.122,8	19.201,4
0,4 KV втор тарифен степен ...(LV 1.2) Објекти останата потрошувачка 0,4 I	3.321,2	3.023,1	6.344,3
СЕ ВКУПНО	68.746,2	115.659,4	184.405,6